Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/2002), член 5 од Законот за даноците на имот („Сл.весник на РМ“ бр.61/2004...151/2021), член 16 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот („Сл.весник на РМ“ бр.54/2012...142/2014) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/2007...15/2020), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.01.2023 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ЗОНИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ (ОБЈЕКТИ) НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Се определуваат зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот (објекти) на подрачјето на општина Охрид, прикажани во табеларниот преглед кој е составен дел на одлуката.

| **ЗОНИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ ВО ОПШТИНА ОХРИД** | | |
|---|---|---|
| **ЗОНА** | **ЛОКАЛИТЕТ** | **КРАТОК ОПИС** |
| I-ва | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објект 560- 600 бодови** | „Кеј Македонија“ | прва линија |
| | „Св.Климент Охридски“ | |
| | „Македонски Просветители“ | од пристаниште до пресек со „Булевар Туристичка“ |
| | „Петар Чауле“ | во пресек со „Св.Климент Охридски“ |
| | „Коста Абраш“ | |
| | „Илинденска“ | од мостот до Св.Софија |
| | „Кочо Рацин“ | Канео |
| | „Цар Самоил“ | од плоштад до пресек со „Методи Патчев“ |
| | „Аргир Маринчев“ | од чаршија до пресек со „Климентов Универзитет“ |
| | „Гоце Делчев“ | дел (Стара чаршија) |
| | „7ми Ноември“ | од Чинар до пресек со „Булевар Туристичка“ |
| | „Партизанска“ | од „Мак.Просветители“ до пресек со „Кузман Јосифоски“ |
| | „Димитар Влахов“ | од „Македонски Просветители“ до пресек со „Ванчо Николески“ |
| | „Кузман Ј.Питу“ | |
| | „Ванчо Николески“ | |
| | „Јане Сандански“ | од „Кеј Македонија“ до пресек со „Партизанска“ |
| | „Спас Банџов“ | |
| | | крајбрежен станбен и хотелски појас до Св.Стефан |
| II-ва | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објект 510- 550 бодови** | „Кеј Македонија“ | краци |
| | „Климентов Универзитет“ | прва линија |
| | „Методи Патчев“ | |
| | „Цар Самоил“ | од пресек со „Методи Патчев“ до |

| | | |
|---|---|---|
| | | крај |
| | „Кочо Рацин“ | освен Канео |
| | „Кузман Капидан“ | |
| | „Григор Прличев“ | |
| | „Браќа Миладиновци“ | |
| | „Илинденска“ | од Св.Софија до Горна Порта |
| | „Боро Шајн“ | |
| | „Христо Узунов“ | |
| | „Петар Чауле“ | |
| | „Рашанец“ | |
| | „Охридска Архиепископија“ | |
| | „Аргир Маринчев“ | од пресек со „Климентов Универзитет“ до пресек со „Бранко Шотра“ |
| | „Абас Емин“ | од пресек со „Гоце Делчев“ до „Булевар Туристичка“ |
| | „Булевар Туристичка“ | од „Јане Сандански“ до „Абас Емин“ |
| | „Македонски Просветители“ | од пресек со „Булевар Туристичка“ до крај |
| | „Даме Груев“ | од „Македонски Просветители“ до пресек со „Булевар Туристичка“ |
| | „Димитар Влахов“ | од „Ванчо Николески“ до Гимназија |
| | „Караорман“ | од „Димитар Влахов“ до пресек со „Булевар Туристичка“ |
| | „Партизанска“ | од „Кузман Јосифоски Питу“ до „Јане Сандански“ |
| | „Јане Сандански“ | во пресек со Партизанска и бул.Туристичка |
| | „Славеј Планина“ | во пресек со „Партизанска“ и „Јане Сандански“ |
| | „Асном“ | од „Кеј Македонија“ до пресек со „Партизанска“ |
| | Студенчишта | прва линија |
| | „7ми Ноември“ | од „Булевар Туристичка“ до Крст - џамија |
| | | крајбрежен станбен и хотелски појас од Св.Стефан до Лагадин |
| III-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објект 460-500 бодови** | „Климентов Универзитет“ | краци |
| | „Димче Маленко“ | |
| | „Бранко Шотра“ | |

| | | |
|---|---|---|
| | „Аргир Маринчев“ | од пресек со „Бранко Шотра“ до пресек со „Димче Маленко“ |
| | „11 Октомври“ | |
| | „Кирил и Методи“ | прва линија |
| | „Мите Богоевски“ | |
| | „Војдан Чернодриски“ | |
| | „Страшо Пинџур“ | |
| | „Серафим Китановски“ | |
| | „Гоце Делчев“ | од пресек со „Кирил и Методи“ до „Пирин Планина“ |
| | „Васил Стефоски“ | главна улица |
| | „Абас Емин“ | од пресек со „Булевар Турстичка“ до пресек со „Беќир Али Риза“ |
| | „Партизанска“ | од „Јане Сандански до пресек со „Асном“ |
| | „Славеј Планина“ | крак од пресек со „Јане Сандански“ паралелно со „Булевар Туристичка |
| | „Асном“ | од „Партизанска“ до пресек со „Булевар Туристичка“ |
| | Студенчишта | втора линија |
| | Горица | прва линија до св.Стефан |
| | „Булевар Туристичка“ | од пресек со „Абас Емин“ до пресек со „Стив Наумов“<br>од пресек со „Јане Сандански“ до Билјанини извори |
| | „Караорман“ | од „Булевар Туристичка“ до крај |
| | „Богомилска“ | во пресек со „Даме Груев“ и „Булевар Туристичка“ |
| | „Даме Груев“ | од пресек со „Булевар Туристичка“ до пресек со „Караорман“ |
| | „Јане Сандански“ | од пресек со „Булевар Туристичка“ до кружен тек Болници |
| | „Никола Карев“ | |
| | „7ми Ноември“ | од „Булевар Туристичка“ до Крст џамија - краци |
| IV-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објект 410-450 бодови** | „Нада Филева“ | |
| | „Кирил и Методи“ | краци |
| | „Андон Дуков“ | |
| | „Вардар“ | |
| | „Пирин Планина“ | |
| | „Илинденска“ | од Горна порта до „Гоце Делчев“ |

| | | |
|---|---|---|
| | „Гоце Делчев“ | од пресек со „Пирин Планина“ до пресек со „Крум Точков“ |
| | „Васил Стефоски“ | краци |
| | „Крум Точков“ | |
| | „Махмут Рифат“ | |
| | „Бистрица“ | од езеро до пресек со „Гоце Делчев“ |
| | „Шар Планина“ | од езеро до пресек со „Гоце Делчев“ |
| | | Станбен комплекс Даљан |
| | „Стив Наумов“ | од „Гоце Делчев“ до пресек со „Дејан Војвода“ |
| | „Асном“ | од пресек со „Булевар.Туристичка до пресек со „Карпош Војвода |
| | Бејбунар | |
| | Горица | втора линија |
| | „Лазо Трпоски“ | |
| | „Галичица“ | |
| | „Мирче Ацев“ | |
| | „Ванчо Питошески“ | |
| | „Карпош Војвода“ | |
| | „8 ми Септември“ | |
| | „Булевар Туристичка“ | од пресек со „Стив Наумов“ до пресек со „Бистрица“ |
| | „Даме Груев“ | од пресек со „Караорман“ до „Питу Гули“ |
| | „Абас Емин“ | од пресек со „Беќир Алириза“ до пресек со „Анастасија Узунова“ |
| | „Дејан Војвода“ | од пресек со „Абас Емин“ до пресек со „Македонски Просветители“ |
| | | „Христо Узунов станбен комплекс („Богомилска“, „Даме Груев“, „Ѓорче Петров“) |
| | „7ми Ноември“ | од Крст Џамија до пресек со „Егејска“ |
| V-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објект 360-400 бодови** | „Гоце Делчев“ | од пресек со „Крум Точков“ до „Бистрица“ |
| | „Пере Тошев“ | |
| | „Ѓорѓи Ѓорески“ | |
| | „Петар Поп Арсов“ | |
| | „Илија Дуданоски“ | |

| | | |
|---|---|---|
| | „Ариф Мустафа“ | главна улица |
| | „Бистрица“ | од пресек со „Гоце Делчев“ до „Булевар Туристичка“ |
| | „Шар Планина“ | од пресек со „Гоце Делчев“ до крај |
| | „Сатеска“ | |
| | „Булевар Туристичка“ | од пресек со „Бистрица“ до крај |
| | „Дејан Војвода“ | во пресек со „Булевар Туристичка“, „Абас Емин“ и „Стив Наумов“ |
| | „Богомилска“ | пресек со „Марко Несторoски“ |
| | „7ми Ноември “ | од Крст Џамија до „Егејска“ - краци |
| | „7ми Ноември “ | од „Егејска“ до АМСМ |
| | „Абас Емин“ | од „Беќир Али Риза“ до „Анастасија Узунова“ - краци |
| | „Беќир Алириза“ | со згради Слобода |
| | „Егејска“ | |
| | „Сирма Војвода“ | главна улица |
| | Болнички станбен комплекс | |
| | „Марко Цепенков“ | од кружен тек болница до пресек со „Вангел Николоски“ |
| | „Питу Гули“ | од кружен тек Болници до „Дебрца“ |
| | „Св.Наум Охридски“ | до Лагадин |
| | Св.Стефан | |
| VI-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објект 310-350 бодови** | „Гоце Делчев“ | од „Бистрица“ до „Н.П. Русински“ |
| | „Ариф Мустафа“ | краци |
| | „Хаџи Мустафа“ | |
| | „Никола Петров Русински“ | |
| | „Мичо Гилиќ“ | |
| | „Трајче Трајчески“ | |
| | Распаќе | |
| | „Абас Емин“ | од пресек со „Анастасија Узунова“ до „Железничка“ |
| | „Анастасија Узунова“ | |
| | „Дејан Војвода“ | краци |
| | „Тетовска“ | |
| | „Бистрица“ | од пресек со „Булевар Туристичка“ до „Железничка“ |
| | „Стив Наумов“ | од пресек со „Дејан Војвода“ до „Јабланица“ |
| | „7ми Ноември“ | од „Егејска“ до АМСМ - краци |

| | | |
|---|---|---|
| | „Марко Цепенков“ | од „Вангел Николоски“ до пресек со „Момчило Јорданоски“ |
| | „Сирма Војвода“ | краци |
| | „Марко Несторoски“ | од Крст Џамија до пресек со „Васил Главинов“ |
| | „Питу Гули“ | од „Дебрца“ до „Марко Несторoски“ |
| | Лагадин | Прва линија на објекти кои излегуваат на главен пат и се во близина на езеро |
| VII-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објект 260-300 бодови** | „Гоце Делчев“ | Од „Никола П.Русински“ до крај |
| | „Питу Гули“ | од пресек со „Марко Несторoски“ до „7ми Ноември“ |
| | „Питу Гули“ | краци до „Марко Несторoски“ |
| | „Дебарца“ | |
| | „Александар Гушо“ | |
| | „1ви Мај“ | |
| | „Марко Несторoски“ | од пресек со „Васил Главинов“ до крај |
| | „Ѓорче Петров“ | главна улица |
| | „Марко Цепенков“ | од пресек со „Момчило Јорданоски“ до Стобекс |
| | „Момчило Јорданоски“ | главна улица |
| | „Абас Емин“ | од пресек со „Анастасија Узунова“ до „Железничка“ - краци |
| | „Охридска Бригада“ | |
| | „Дејан Војвода“ | крак во пресек со „Крали Марко“ |
| | „Стив Наумов“ | од пресек со „Јабланица“ до „8ми Март“ |
| | „Јабланица“ | |
| | „Железничка“ | од АМСМ до „Егејска“ |
| | „Кленоец“ | од пресек со „Питу Гули“ до „Железничка“ |
| | Рача | над Хидробиолошки и Мегдани |
| | населба Исток | прв ред на објекти кои излегуваат на главен пат и се во близина на езеро |
| | Лагадин | |
| VIII-ма | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 210-250 бодови** | „Хаџи Мустафа“ | од „Булевар Туристичка“ кон Лакочереј |

| | | |
|---|---|---|
| | Патерица | |
| | | крајбрежен појас до Андон Дуков |
| | „Охридска Бригада“ | краци |
| | „Стив Наумов“ | од пресек со „8ми Март“ до Винарска Визба |
| | „Кузман Шапкарев“ | |
| | „Ѓорче Петров“ | краци |
| | „Васил Главинов“ | |
| | „Крсте Петков Мисирков“ | |
| | „Питу Гули“ | краци од „Марко Нестороски“ до „7ми Ноември“ |
| | „Вангел Николоски“ | |
| | „Трајче Дојчиноски“ | |
| | „Марко Цепенков“ | краци |
| | „Момчило Јорданоски“ | краци |
| | „Малесија“ | |
| | „Сирма Војвода“ | под бараки |
| | „АРМ“ („22 Декември“) | |
| | „Димо Хаџи Димов“ | |
| | „I МУБ“ | од „Трајче Дојчиноски“ до Стобекс |
| | „15ти Корпус“ | до „Ирина Гинова Мирка“ |
| | „Железничка“ | од „Егејска“ до „8ми Март“ |
| | „Кленоец“ | од „Железничка“ до крај |
| | „Будва“ | |
| | „Винковачка“ | |
| | „Прилепска“ | до „Будва“ |
| | Рача | населба |
| | Свети Стефан | населба |
| | Исток | населба |
| | Коњско | населба |
| | Елшани | Вилска населба |
| | Пештани | прв ред на објекти кои излегуваат на главен пат и се во близина на езеро |
| | Трпејца | објекти на прва линија на езеро |
| | Љубаништа | покрај езеро |
| IX-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 160-200 бодови** | „Париска Комуна“ | |
| | „Партизански одреди“ | |
| | | околу Стобекс |
| | „Ристо Чадо“ | главна улица |
| | „15ти Корпус“ | од „Ирина Гинова Мирка“ до Лескоец |

| | | |
|---|---|---|
| | „Ирина Гинова Мирка“ | |
| | „Живко Чинго“ | до отпад |
| | „Кленоец“ | краци |
| | „Србница“ | |
| | „Веле Марков“ | |
| | „Стив Наумов“ | краци |
| | „Крали Марко“ | главна улица |
| | „Железничка“ | од „8ми Март“ до крај |
| | „Прилепска“ | од „Будва“ до крај |
| | „8ми Март“ | Главна улица |
| | Чекоштина | од главен пат до Сончева порта |
| | Велестово | објекти на главен пат |
| | Долно Коњско | село |
| | Елшани | периферија на Вилска населба |
| | Пештани | објекти кои не се на главен пат и се во централниот дел од селото |
| | Трпејца | село |
| | Љубаништа | вилска населба |
| X-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 125-150 бодови** | „Ристо Чадо“ | краци |
| | „I МУБ“ | од Стобекс до Рамне |
| | „Андреја Јованоски“ | |
| | „Руме Наумоски“ | |
| | „Александар Турунџев“ | |
| | „Живко Чинго“ | од отпад до крај |
| | Лескоец | објекти на главен пат |
| | „Крали Марков | краци |
| | „8ми Март“ | краци |
| | Чекоштина | објекти на периферија |
| | „Петрино“ | |
| | „Радојца Новичиќ“ | до „28 Април“ |
| | Рача | објекти на периферија на населба |
| | Велестово | село |
| | Долно Коњско | објекти на периферија на село |
| | Долно Шипокно | |
| | Пештани | објекти околу школото |
| | Трпејца | објекти на периферија на село |
| | Љубаништа | село |
| | Велгошти | објекти на главен пат |
| XI-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 105-120 бодови** | „Ѓорѓи Сугаре“ | |
| | „Радојца Новичиќ“ | од „28ми Април“ до крај |

| | | |
|---|---|---|
| | „130“ | |
| | „6та Бригада“ | |
| | „28ми Април“ | |
| | Велгошти | објекти во споредни улици |
| | Лескоец | објекти кои не излегуваат на главен пат |
| | Подмоље | објекти на главен пат |
| | Елшани | објекти кои гравитираат околу школо |
| | Љубаништа | објекти на периферија |
| XII-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 85-100 бодови** | Велгошти | објекти на периферија |
| | Лескоец | објекти на периферија на село |
| | Косел | објекти на главен пат |
| | Елшани | периферија на село |
| | Подмоље | објекти во споредни улици |
| XIII-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 60-80 бодови** | Косел | објекти во внатрешност на село |
| | Подмоље | објекти на периферија |
| | Долно Лакочереј | |
| | Орман | |
| | Оровник | |
| XIV-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 45-50 бодови** | Косел | објекти на периферија на село |
| | Горно Лакочереј | |
| | Рамне | |
| | Горно Коњско | |
| | Горно Шипокно | село |
| XV-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 35-40 бодови** | Скребатно | |
| | Вапила | |
| | Сирула | |
| | Ливоишта | |
| | Расино | |
| | Опеница | |
| | Куратица | |
| | Речица | |
| | Свињишта | |
| | Завој | |
| | Плаќе | |

**Член 3**

Бодовите по одредени зони се однесуваат на сите објекти, освен на помошните објекти и на гаражите.

**Член 4**

За населените места за кои не постои урбанистичка документација, а за кои се применуваат одредбите од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/2011...174/2021) и во согласност со ЗОУП („Сл.весник на РМ“ бр.124/2015) ќе се врши проценка според зонирањето на оваа одлука.

**Член 5**

Со влегувањето на сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 08 - 653/5 од 31.01.2022 година.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-804/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.01.2023 година** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ МЕРКИ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТРОШОЦИ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за спроведување мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.01.2023 година.

**Број 09- 804/ 57** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.01.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 11, 12 и 214 став 2 од Законот за социјална заштита („Сл.весник на РМ” бр.79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16, 163/17 и 51/18) и член 18 став 15 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид” бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седница одржана на ден 30.01.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ МЕРКИ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТРОШОЦИ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**

**Член 1**

Со оваа одлука, од страна на Општина Охрид се обезбедува правото на остварување на социјална заштита на граѓаните, од средствата на буџетот на Општина Охрид, во облик на спроведување мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги за граѓаните кои се изложени на социјални ризици.

Субвенционирањето на трошоците за комунални услуги се однесува за периодот од 01.01.2023 година, заклучно со 31.12.2023 година.

Со оваа одлука се утврдуваат компонентите, корисниците, критериумите и постапката за спроведување на мерките.

Согласно програмата за социјална заштита во буџетот на општина Охрид за оваа намена се предвидени 1.500.000,00 денари.

**Член 2**

Вкупниот износ на субвенција ќе изнесува 703,00 денари месечно за секој корисник на субвенцијата и ќе биде составен од следните четири компоненти:

- Покривање на трошоците за потрошена вода за пиење до 320,00 денари за секој корисник на услугата, односно на субвенцијата;
- Покривање на трошоците за спроведување на отпад до 150,00 денари за секој корисник на услугата, односно на субвенцијата;
- Покривање на трошоците за одведување отпадни и атмосферски води до 150,00 денари за секој корисник на услугата, односно на субвенцијата и
- Покривање на трошоците за плаќање на гробна такса-гробарина до 83 денари за секој корисник на услугата, односно на субвенцијата.

**Член 3**

Субвенционирање од средствата на буџетот на Општина Охрид ќе можат да користат лицата кои имаат статус на:

- Корисник на социјална помош;
- Корисник на постојана парична помош;
- Невработено лице подолго од 12 месеци, а доколку корисникот е во брак, тогаш и неговиот брачен другар да е невработен.
- Лица кои имаат најмалку 70% степен на инвалидитет или тешка болест, односно нивниот брачен другар или друг член на семејство е со инвалидитет од најмалку

70% или има тешка болест и истото исклучиво е утврдено од надлежен орган или комисија - мерката не се однесува на инвалидните лица кои се во работен однос;

Услов за првите три точки од горенаведените категории е: корисниците и нивните брачни другари да бидат пријавени во Агенцијата за вработување на РМ и активно да бараат работа;

Услов за четвртата точка е лицата да не се вработени и да не остваруваат приходи по основ на плата,пензија,дополнителни приходи или слично освен правата кои ги остваруваат врз основа на нивниот степен на инвалидност. Лицето треба да биде пријавено во Агенцијата за вработување како невработено инвалидно лице активен барател на работа. Како тешка болест во оваа категорија се подразбираат малигни и кардио-васкуларни заболувања.

**Член 4**

Се утврдува дека сите категории на граѓани утврдени во член 3 од оваа одлука, субвенционирањето ќе можат да го користат доколку комулативно ги исполнуваат следните критериуми:

- Да се жители на општина Охрид;
- Да се корисници на услуги од ЈП „Водовод“ или ЈП „Охридски комуналец“ или ЈП „Нискоградба“ или ЈП „Градски гробишта“;
- Да се подносители на барање за субвенционирање на трошоци за комунални услуги.

**Член 5**

Граѓаните кои ќе аплицираат на јавниот повик треба да ги достават следните документи:

- **Задолжителни**
    - Барање за субвенционирање на трошоци за комунални услуги;
    - Копија од лична карта
    - Копија од сметки од јавните претпријатија;
    - Изјава од апликантот за бројноста и членовите на неговото потесно семејство по прва линија и нивни матични броеви;
    - Изјава за веродостојни и точни податоци;
- **Зависно од категоријата врз основа на која аплцира доставува некој од следните документи:**
    - Решение за категоризација издадено од Центар за социјални работи;
    - Потврда за невработеност од АВРМ;
    - Решение од Центарот за социјални работи за примање на социјална помош;
    - Решение за утврдена инвалидност издадено од страна на Центарот за социјални работи (за лица до 26 години);
    - Решение од Комисија за оценка на работната способност на фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија (за лица над 26 години)

- Наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби издадено од страна на центрите кои го утврдуваат истиот;
- Општина Охрид по службена должност преку Управата за јавни приходи ќе ги обезбеди податоците кои се однесуваат на примањата на семејството и се составен дел од годишните даночни пријави;

**Член 6**

Врз основа на оваа одлука, за корисниците на субвенцијата ќе се одлучува со Решение, по претходно спроведена постапка на објавување на јавен оглас, прибирање на барања и обработка на истите.

Максималните износи од член 2 на оваа одлука, за секој корисник на комуналните услуги, односно на субвенцијата, ќе бидат исти и ќе бидат фиксни, односно нема да зависат од месечните трошоци за секој корисник одделно.

**Член 7**

Се задолжува Градоначалникот на општина Охрид да ја спроведе постапката за спроведување на мерки за субвенционорање на трошоци за комунални услуги, да формира комисија и да донесе правилник за спроведување на постапката.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Охрид.

**Број 08 – 804/18** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.01.2023 година** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ ШТАБ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за формирање штаб за заштита и спасување, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.01.2023 година.

**Број 09- 804/58**
**30.01.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/2007, 01/08, 10/10, 5/11, 9/14, 14/14 и 15/20), а во врска со член 34 став 2 и член 94 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и 215/21 ), Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување („Сл. весник на РМ“ бр.12/06), како и Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр.124/06 и 34/10), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.01.2023 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ФОРМИРАЊЕ ШТАБ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

**Член 1**

Се формира Штаб за заштита и спасување на општина Охрид.

**Член 2**

Во состав на Штабот за заштита и спасување на општина Охрид влегуваат следните единици:

1. Универзална единица за заштита и спасување во јачина на ВОД;
2. Просторна специјализирана единица за прва медицинска помош во јачина на ОДДЕЛЕНИЕ и
3. Просторна специјализирана единица за противпожарна заштита во јачина на ОДДЕЛЕНИЕ.

**Член 3**

Општинскиот штаб за заштита и спасување ќе биде во состав:

1. Кирил Пецаков.......................................................................Командант на ОШЗС
2. Зоран Карадакоски.....................................................................Началник на ОШЗС
3. Билјана Богданова-Смилевска -Помошник на началникот за оперативни работи
4. д-р Горан Маркоски..........Помошник на началникот за прва медицинска помош
5. Флорентина Стерјовска.............Помошник на началникот за згрижување и евакуација
6. Борко Јанкулоски...............Помошник на началникот за заштита и спасување од пожари
7. Томе Змејкоски......Помошник на началникот за заштита и спасување од поплави и др. природни непогоди и несреќи

8. Антонио Додески..................Помошник на началникот за планинско спасување и евакуација
9. Сашо Тренески.................................. ....................................Извршител-администратор
10. Даме Балоски..........................................................................................Курир – возач
11. Ацо Тасески...........................................................................................Курир-возач.

**Член 4**

Со влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката на Советот на општина Охрид за формирање Штаб за заштита и спасување бр.08-13561/42 од 29.12.2021 година.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 08- 804/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.01.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ВАЖНОСТ НА ОДЛУКИ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување престанок на важност на одлуки за воспоставување меѓуопштинска соработка, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.01.2023 година.

**Број 09- 804/59** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.01.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр.79/09), член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 14 и 18 став 1 точка 15 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седница одржана на ден 30.01.2023 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ВАЖНОСТ НА ОДЛУКИ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува дека престануваат да важат:

- Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу општина Охрид и општина Дебрца, донесена од Советот на општина Охрид бр.08-13969/37 од 26.09.2019 година и
- Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу општина Охрид и општина Ресен, донесена од Советот на општина Охрид бр.08-9790/39 од 09.11.2020 година

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 804/20** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.01.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за измени и дополнувања на годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.01.2023 година.

**Број 09- 804/60** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.01.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 30.01.2023 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА**

**Член 1**

Поради активностите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште во областа на донесување на урбанистичките планови и потребите на правни и физички лица се врши дополнување и изменување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2023 донесена од страна на Совет на општина Охрид со бр.08-17370/7 од 22.12.2022 год и тоа:

После точка 2 и потточка 2.1 се додава нова точка
3. Урбан Блок 2.3
3.1 ДУП за УЗ 2, УБ 2.3-опфат 7

**Член 2**

Оваа Програма за измени и дополнување на Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 804/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.01.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА И ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ (ЗАКУПНИНА) ЗА 2023 ГОДИНА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за поставување урбана опрема и времени објекти и за утврдување на висината на надоместокот (закупнина) за 2023 година во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.01.2023 година.

**Број 09- 804/61**
**30.01.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 82 од Законот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016 и 275/2019), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ” бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), а во врска со Програмата за поставување на урбана опрема во општина Охрид и Програмата за поставување времени објекти во општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.01.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА И ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ (ЗАКУПНИНА) ЗА 2023 ГОДИНА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлуката се врши изменување и дополнување на Одлуката за поставување урбана опрема и времени објекти и за утврдување на висината на надоместокот (закупнина) за 2023 година во општина Охрид бр.08-17370/42 од 22.12.2022 година, донесена од Советот на општина Охрид.

**Член 2**

Одлуката за поставување урбана опрема и времени објекти и за утврдување на висината на надоместокот (закупнина) за 2023 година во општина Охрид се дополнува, така што во членот 5 после точка V се додава точка VI која гласи: **„За користење површини за поставување на урбана опрема - кафемати цената изнесува 2.000,00 денари месечно“.**

Точките VI и VII стануваат точки VII и VIII.

**Член 3**

Урбаната опрема од член 5 точка VI од оваа одлука се отстапува на ЈП Градски Пазар и целокупната постапка за издавање на оваа урбана опрема ќе ја спроведува ЈП Градски пазар под условите и цените утврдени во оваа одлука согласно закон.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид”.

**Број 08- 804/22**
**30.01.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОЧЕТНА ЦЕНА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА РЕКЛАМНИ ПАНОА - БИЛБОРДИ И ИНФОРМАТИВНИ ТАБЛИ НА КАНДЕЛАБРИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на почетна цена за поставување на урбана опрема рекламни паноа - билборди и информативни табли на канделабри, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.01.2023 година.

**Број 09- 804/62**
**30.01.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ” бр.5/02), и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/2007, 01/08, 10/10, 5/11, 9/14, 14/14 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.01.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОЧЕТНА ЦЕНА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА РЕКЛАМНИ ПАНОА – БИЛБОРДИ И ИНФОРМАТИВНИ ТАБЛИ НА КАНДЕЛАБРИ**

**Член 1**

Со оваа одлуката се утврдува минималната почетната цена за поставување на урбана опрема рекламни паноа - билборди и информативни табли на канделабри на подрачјето на општина Охрид.

**Член 2**

Почетната цена за поставување на урбана опрема рекламни паноа - билборди и информативни табли на канделабри со површина над 6м$^2$ на подрачјето на општина Охрид, изнесува 27.000,00 денари годишно.

Почетната цена за поставување на урбана опрема рекламни паноа - билборди и информативни табли на канделабри со површина до 1,2м$^2$ на подрачјето на општина Охрид, изнесува 2.000,00 денари годишно.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид”.

**Број 08- 804/23** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.01.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА - РЕКЛАМНИ ПАНОА - БИЛБОРДИ И ИНФОРМАТИВНИ ТАБЛИ НА КАНДЕЛАБРИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ 2023 - 2028 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за поставување урбана опрема - рекламни паноа - билборди и информативни табли на канделабри на подрачјето на општина Охрид за периодот 2023 - 2028 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.01.2023 година.

**Број 09- 804/63** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.01.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/2007, 01/08, 10/10, 5/11, 9/14, 14/14 и 15/20), член 80 од Законот за градење („Сл.Весник на РМ“ бр.130/09...227/2022 ), а во врска со Програмата за поставување на урбана опрема во општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ број 14/22), Записник од Комисија за одлучување по барања за поставување урбана опрема како дополнение на годишната програма за поставување урбана опрема бр. 09-629/2 од 17.01.2023 година и Одлуката за утврдување на почетна цена за поставување на рекламни паноа-билборди и информативни табли на канделабри

бр.08-804/23 („Службен гласник на општина Охрид“ број 1/2023 ), Советот на општина Охрид, на седница одржана на ден 30.01.2023 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА - РЕКЛАМНИ ПАНОА - БИЛБОРДИ И ИНФОРМАТИВНИ ТАБЛИ НА КАНДЕЛАБРИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ 2023-2028 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува: начинот за добивање право за поставување на рекламни паноа - билборди и информативни табли на канделабри на подрачјето на општина Охрид, временскиот период за нивно поставување и висината на надоместокот за поставување на рекламни паноа - билборди и информативни табли на канделабри.

**Член 2**

Локациите, типот и бројот на рекламните и информациони паноа се утврдени согласно Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Охрид („Сл.Гласник на општина Охрид“ бр.14/22) и Записник од Комисија за одлучување по барања за поставување урбана опрема како дополнение на годишната програма за поставување урбана опрема бр. 09-629/2 од 17.01.2023 година.

**Член 3**

Временскиот период за поставување на рекламни паноа - билборди и информативни табли на канделабри по локации, тип и број утврдени во член 2 од оваа Одлука се определува за период од 5 ( пет ) години ( 2023-2028 ).

**Член 4**

Доделувањето на правото за поставување на рекламните и информационите паноа ќе се врши по пат на објавување на јавен оглас за добивање право за поставување на рекламни паноа - билборди и информативни табли на канделабри.

Огласот го распишува Градоначалникот на општина Охрид и објавува во „Службен весник на Р.Македонија“, официјалната ВЕБ страна на општина Охрид и во најмалку два дневни весника, од кои еден на албански јазик.

**Член 5**

Огласот од член 4 на оваа одлука, особено треба да ги содржи следните податоци:

1. Податоци за субјектот кој го распишува огласот;
2. Назначување на локациите за кои се врши доделувањето;
3. Време за кое се доделува правото за поставување на рекламни и информациони паноа;
4. Почетна цена за добивање право за поставување на рекламни и информациони паноа;
5. Висина на депозитот за право на учество на јавното електронско наддавање;
6. Содржина и прилози на понудите;
7. Рок за поднесување на понудите;
8. Ден, час и место на отворање на понудите.

**Член 6**

Почетната цена за јавно електронско надавање се определува согласно Одлуката за утврдување на почетна цена за поставување на рекламни паноа - билборди и информативни

табли на канделабри бр.804/23 („Службен гласник на општина Охрид“ број 1/2023), донесена од страна на на Советот на општина Охрид.

**Член 7**

Депозитот за учество на јавното наддавање изнесува 20% од почетната цена утврдена за локациите за кои понудувачот доставил понуда на годишно ниво, треба да биде изразена во денари и се уплаќа на сметката на општина Охрид.

Комисијата по зваршувањето на јавното наддавање, ќе го врати положениот депозит на оние учесници во наддавањето чии понуди не се прифатени, во рок од 15 дена од денот на завршувањето на јавното наддавање.

Доколку најповолниот понудувач се откаже од склучувањето на договорот ќе му се реализира депонираниот депозит.

**Член 8**

За најповолна понуда ќе се смета понудата со највисок износ на еднократниот надомест за стекнување на право за доделување на локации.

**Член 9**

Постапката на отворање на понуди ја врши комисијата што ја формира градоначалникот.

Комисијата се состои од Претседател и два члена и нивни заменици.

**Член 10**

За својата работа Комисијата изготвува извештај, со предлог за најповолен понудувач до градоначалникот.

Градоначалникот ќе донесе решение за доделување право за поставување на рекламни паноа - билборди и информативни табли на канделабри и ќе ги извести останатите учесници за резултатите од распределбата.

**Член 11**

Помеѓу Градоначалникот и најповолниот понудувач се склучува Договор за условите и начинот на користење и одржување на добиените локации.

Понудувачот кој ќе го добие правото на поставување, покрај цената која е постигната со јавното електронско наддавање, должен е на сметката на општина Охрид да уплаќа и годишна комунална такса за секоја локација каде се поставени рекламни паноа - билборди и информативни табли на канделабри, во висина утврдена во одлуката за висина на комуналните такси на општина Охрид, како и надоместок за потрошена електрична енергија доколку постави осветлување на истите.

**Член 12**

Секое рекламно и информационо пано, на барање на најповолниот понудувач со претходно одобрено идејно решение за изгледот, се поставува врз основа на Извод од програма за поставување урбана опрема и Одобрение издадено од Градоначалникот на општина Охрид.

**Член 13**

Оваа Одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 804/24**
**30.01.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВО УЗ 9, ДЕЛ ОД УБ 9.1, ОПФАТ 2 ДЕЛ 1, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2013-2023**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување Детален урбанистички план во УЗ 9, дел од УБ 9.1, опфат 2 дел 1, општина Охрид, плански период 2013-2023, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.01.2023 година.

**Број 09- 804/64**
**30.01.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ“ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), член 123 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18, 168/18), односно член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр.32/2020), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.01.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВО УЗ 9, ДЕЛ ОД УБ 9.1, ОПФАТ 2 – ДЕЛ 1, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2013-2023**

**Член 1**

Се донесува Детален урбанистички план во УЗ 9, дел од УБ 9.1, опфат 2 дел 1, општина Охрид, плански период 2013-2023, со техн.бр. 17/2017 од ноември 2022 година.

**Член 2**

Со овој урбанистички план се опфаќа простор со површина од 9.15 ха.

Просторот на планскиот опфат на Детален урбанистички план во УЗ 9, дел од УБ 9.1, опфат 2 – дел 1, општина Охрид, плански период 2013 – 2023 е опфат во границите:

- **на север** по оска на магистрална улица „Железничка“, дефинирана по постоен ГУП,

- **на запад** оска на собирна улица „Пирин Планина“ дефинирана по постоен ГУП,
- **на југ** по оска на улица „Крали Марко“ дефинирана по постоен ДУП, продолжува на север по оска на улица „Крали Марко“ дефинирана по постоен ДУП, продолжува на исток по оска на пешачка патека и пристапни улици и граница на градежни парцели дефинирани со постоен ДУП.

**Член 3**

Прилог на деталниот урбанистички план во УЗ 9, дел од УБ 9.1, опфат 2 дел 1, општина Охрид, плански период 2013-2023, изработен од „**НЈУ ВИЖЕН**” доо Охрид, со технички број 17/2017 од ноември 2022 година е:

- Предлог план - графички прилог Синтезен план (електронски формат, PDF верзија),

- Извештај од спроведена повторна јавна анкета и јавна презентација бр. 19-190/17 од 03.03.2022 година,

- Согласност од Министерство за транспорт и врски, (арх.бр. 21-5233/4 од 13.12.2022 година).

**Член 4**

Деталниот урбанистички план во УЗ 9, дел од УБ 9.1, опфат 2 дел 1, општина Охрид, плански период 2013-2023, се заверува со електронски потпис на Претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план во УЗ 9, дел од УБ 9.1, опфат 2 дел 1, општина Охрид, плански период 2013-2023, се чува, следи и реализира во Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 804/25** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.01.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР. 1188/17 И КП.БР. 960 КО ОРОВНИК**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 1188/17 и кп.бр. 960 КО Оровник, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.01.2023 година.

**Број 09- 804/65**
**30.01.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
